**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-6
Бр на постапка: 44957
од 05.09.2022 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање на јавен увид по

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – викенд куќи, на КП 468/1, КП 468/2, КП 468/3, КП 472, КП 474/1, КП 474/2, КП 476/2, КП 475, КП 476/1, дел од КП 433/10, дел од КП 479 и дел од КП 480, КО Каласлари, Општина Велес.

Граници на опфатот за КП 468/1, КП 468/2, КП 468/3, КП 472, КП 474/1, КП 474/2, КП 476/2, КП 475, КП 476/1, дел од КП 433/10, дел од КП 479 и дел од КП 480, КО Каласлари се:

- На исток опфатот се граничи со КП 443/10;
- На север опфатот се граничи со КП 477/1, КП 477/2, КП 485 и КП 486;
- На запад опфатот се граничи со КП 471;
- На југ опфатот се граничи со КП 467 и КП 1573.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 26277м2 или 2,63 ха.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – викенд куќи, на КП 468/1, КП 468/2, КП 468/3, КП 472, КП 474/1, КП 474/2, КП 476/2, КП 475, КП 476/1, дел од КП 433/10, дел од КП 479 и дел од КП 480, КО Каласлари, Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 работни дена, од 05.09.2022 до 23.09.2022 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Велес
Марко Колев